## ПРОПОЗИЦИИ

за Републички извиднички ориентационен натпревар

### *I. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ*

Републичкиот извиднички ориентационен натпревар, (во понатамошниот текст РОИН) по карактер е повеќебој кој се остварува според единствена програма и пропозиции. РИОН е можност на сите извидници за проверка на своите знаења и способности во областа на ориентацијата. Со овој натпревар се развива снаодливоста, подвижноста, смислата за ориентирање во природа, за колективен и организиран живот во природа, за продлабочување на другарството, трудољубивост , соработка и развивање на физички и духовни способности на извидниците.

Цел на натпреварот е патролата со колективна работа и напор да совлада предвидени задачи, покаже свои знаења, афирмирајќи ги своите квалитети и способности.

РИОН е натпревар кој покрај ориентацијата опфаќа и други области од практичната извидничка програма: пионирство, пренесување пораки, прва помош, изработка на бивак, врзување јазли, движење под азимут во природа и др.

Своите задачи патролата ги извршува колективно т.е. секоја задача ја извршува целата патрола на најпогоден начин во рамки на пропозициите, освен во случаеви каде одделни задачи извршуваат одделни членови на патролите.

Организатор на РИОН е СИМ. Домаќини на РИОН можат да бидат извидничките одреди, општиските Сојузи или градските Сојузи.

Одлука за организатор на РИОН донесува старешинството на СИМ.

### *II УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРОТ*

1.На РИОН учествуваат патроли на извиднички и патроли на извидници кои бројат по 4 членови на возраст од 15-21 год.

2.Секој натпреварувач мора да биде лекарски прегледан.

3.Секој натпреварувач мора да има извидничка легитимација и заверена здравствена книшка.

4.Секоја патрола треба да биде униформирана во склад со правилникот за униформи и ознаки.

5.Натпеварувачите мора да бидат осигурани за случај на незгода во времетраењето на РИОН.

6.Секоја патрола носи лична и колективна опрема потребна за извршување на сите задачи.

7.РИОН се одржува секоја година на различно место за што одлучува старешинството на СИМ.

8.СИМ со предходен допис ги известува сите општински сојузи и извиднички одреди во Републиката за местото, терминот и условите за одржување на натпреварот.

9.Сите патроли се должни да по примањето на дописот со пријава да го потврдат своето учество најдоцна 10 дена пред почетокот на натпреварот.

10.Право на учество на РИОН има секој извиднички одред со најмногу две патроли во секоја категорија.

*III УСЛОВИ НА НАТПРЕВАРОТ*

1.Пред започнувањето на натпреварот Н.К.(натпреварувачката комисија) со пристигнатите патроли одржува договорен состанок на кој го елаборира распоредот на повеќебојот, се извлекуваат стартни броеви и се собираат од секоја патрола: список на натпреварувачите, извиднички легитимации, потврдата од лекарскиот преглед, полисите за осигурување на натпреварувачите и здравствените книшки.

2.Патролите од ист извиднички одред можат да дојдат на РИОН најмногу со еден придружник-водач на патот за чиј престој и исхрана организаторот ги сносува трошоците.

3.Патролите се должни да пристигнат на договореното место во времето кое ќе го одреди Штабот на натпреварот.

4.Штабот на натпреварот одредува на кое место ќе биде сместена секоја патрола во логорот или ѕиданиот објект.

5.Пред почетокот на натпреварот во ориентација патролите добиваат секции(карти) од теренот на кој ќе се одржи натпреварот.Н.К. одлучува кога ќе се предадат секциите на секоја патрола но не повеќе од 15 часа пред стартот на натпреварот во ориентација.

6.Редоследот и задачите кои ќе бидат задавани на сите патроли ги одредува Н.К. во зависност од можностите за нивно реализирање.

7.Задачите што ги добива секоја патрола се затворени во плик со останатите листови потребни за извршување на поставените задачи.Сите листови се посебно означени од страна на Н.К.Доколку поради некоја причина патролата има потреба од дополнителни листови А4 формат за реализирање на поставените задачи неопходно е да на секој лист добијат парав од било кој член на Н.К. или пак од контролорот на соодветната К.Т. каде и ќе ја реализираат поставената задача со тоа што ќе се утврди дека листот бил бланко.

8. Вкупниот број на К.Т. на смее да надмине 10 К.Т. но не и помалку од 5 К.Т. за било која категорија.

*ОРИЕНТАЦИЈА*

Натпреварувањето во ориентација опфаќа: движење на терен во природа со употреба на топографска карта и бусола, изработка на топографски скици и цртежи , изготвување извештај за текот на преминување на дел од патеката, пронаоѓање

на зададените Контролни точки и извршување на одделни задачи на самите К.Т.(читај контролна точка)

*ЗАДАЧИ НА ПАТРОЛАТА*

1.Приближно точно да се вцртаат на карта сите К.Т. одредени со задачите.

2. Патролите стартуваат според стартните броеви во временско растојание од 5 до 15 минути.

3. Патролата е должна да го запази редоследот на поминувањето на зададените К.Т.

4. Патролата е должна да дојде комплетна на К.Т. Доколку на К.Т. нема контролор каде се разменуваат потписи тогаш патролата е должна да изготви скица на теренот околу К.Т. со што ќе го потврди доаѓањето на соодветната К.Т.

*ПРЕНЕСУВАЊЕ ПОРАКИ*

5. На почетокот од извршувањето на задачата: движење под азимут во природа, патролата добива текстуална порака која треба да се запомне и предаде на крајот од зададеното движење под азимут во природа.

*КРОКИ*

6. Патролата треба да изготви кроки на една К.Т.

*ДВИЖЕЊЕ ПОД АЗИМУТ ВО ПРИРОДА*

7. Патролата треба да измине искршена патека во природата која е дефинирана со по пет точки чии агли и растојанија ги задава Н.К. на почетокот од движењето под азимут во природа и да изготви цртеж во зададен размер без оглед на фактот дали целосно го завршила движењето односно дали сите пет точки ги погодила

*СКИЦА НА ПОМИНАТА ПАТЕКА*

8. Да се нацрта скица на поминатата патека помеѓу три со задача одредени К.Т. во однапред зададен размер.

*СКИЦА НА ТЕРЕН*

9. На одредена К.Т. да се нацрта скица на теренот во однапред зададен размер.

*ПРОФИЛ НА ТЕРЕН*

10. Да се нацрта профил на терен помеѓу две со задача зададени точки

во однапред зададени размери.

*ИЗВЕШТАЈ НА ДЕЛ ОД ПОМИНАТА ПАТЕКА*

11. Да се напише извештај за извршените набљудувања на околината и извршените задачи на дел од поминатата патека.

*БИВАК*

12. Патролата е должна на место одредено ос страна на Н.К. да изготви бивак од машински необработен материјал и од сирови прехрамбени продукти да подготви оброк.

*СИГНАЛИЗАЦИЈА*

13. Патролата треба да пренесе порака со помош на сигнални знаменца-"СЕМАФОР" и со една батериска ламба-"МОРЗЕ".Пораките содржат 30 знаци и се пренесуваат на оддалеченост од 80 до 150 метри.На патролата по применатa задача и се мери време.

*ВРЗУВАЊЕ ЈАЗЛИ*

14. Патролата добива задача да врзи и одврзи 4 јазли и притоа се мери времето на извршената задача.

*ПРВА ПОМОШ*

15. На одредено место патролата добива задача од областа на првата помош.Квалитетот на дадениот одговор ја оценува член од Н.К.

*ТЕСТ ПО ИЗВИДНИШТВО*

16. Тестот содржи прашања од областа на извидничката организација и прашања од општа наобразба.

*ОЦЕНУВАЊЕ*

Оценувањето се врши врз основа на овие пропозиции и толкувањето на пропозициите кое е составен дел на пропозициите.

ОРИЕНТАЦИЈА-патролата може да добие:

1. За пронаоѓање К.Т. на карта по 20 бода за секоја
2. За пронаоѓање К.Т. во природа по 80 бода за секоја
3. За точно пренесена порака 40 бодови
4. За изработка на кроки 150 бодови

5. За точно движење под азимут во природа до 100 бодови
6. За цртеж на движење под азимут во природа до 50 бодови

7. За скица на помината патека до 200 бодови
8. За скица на К.Т. до 100 бодови
9. За профил на терен до 100 бодови
10. За извештај на дел од поминатата патека до 150 бодови

*БИВАК И СПРЕМАЊЕ ОБРОК*

1. За изработка на бивак до 190 бодови
2. За спремање на оброк до 60 бодови

*СИГНАЛИЗАЦИЈА*

1. За пренесување на порака со морзе до 90 бодови
2. За пренесување порака со семафор до 90 бодови

*ВРЗУВАЊЕ ЈАЗЛИ*

Патролата може да освои до 80 бодови

*ПРВА ПОМОШ*

Патролата може да освои до 100 бодови

*ТЕСТ ПО ИЗВИДНИШТВО И ОПШТА КУЛТУРА*

Вкупно патролата може да освои до 120 бодови.

*НЕГАТИВНИ БОДОВИ*

1. За секоја минута задоцнување од предвиденото време за поминување на патеката патролата добива -2 бодови

2. Доколку некој член од патролата недостасува, е помлад или постар од поставените старосни граници патролата се дисквалификува.

3. Во случај на изразита недисциплина или недругарско однесување во текот на натпреварот, како и поради конзумирање алкохол на било кој член на патролата со што ќе предизвика менување на психофизичката состојба, Н.К. има право патролата да ја дисквалификува.

*ОЦЕНИ, РЕЗУЛТАТИ, НАГРАДИ*

1. Оценувањето го врши Н.К. и во текот на натпреварот, како и на крајот од натпреварот и резултатите од оценувањето ги истакнува на увид во табела.

2. Вкупниот пласман се одредува со збирот на бодови од сите дисциплини.

3. Победникот се прогласува во секоја категорија.

4. Награда добива првопласираната патрола во секоја категорија во вид на пехар, парична награда или друг вид на награда за која ќе одлучи старешинството на СИМ.

*ОРГАНИ НА РОН*

1. Органи на РОН се:

- Натпреварувачка комисија
- Штаб на натпреварот
- Комисија за жалби

2. Н.К. се состои од председател и два члена кои се добри познавачи на овие натпревари. Нив ги именува и разрешува старешинството на СИМ.

3. Штабот на натпреварот го сочинува старешина на штабот и членовите на штабот на натпреварот. Старешината на штабот го именува и разрешува старешинството на СИМ. Членовите на штабот на натпреварот ги именува старешината на штабот на натпреварот.

4. Контролорите се членови на штабот на натпреварот и извршуваат задачи поставени од старешината на штабот на натпреварот и на Н.К. Нив ги именува и разрешува Старешината на штабот на натпреварот.

5. Комисијата за жалби ја сочинуваат : Н.К.во цел состав и еден член именуван од страна на старешинството на СИМ. Комисијата одлучува дали жалбата е оправдана и доколку завземе позитивен став должна е веднаш да ја спроведе својата одлука. Жалбата ја предава водачот на потролата во писмен облик најдоцна еден час по извршувањето на соодветната задача односно предавањето на пликот со задачи на целта.

6. Задачи на Н.К. се: Да изготви квалитетни талони со јасни гаранции за тајноста на тие материјали и да изврши бодување на сите патроли.

Пред врачувањето на пликот со задачи Н.К. ја оценува способноста на екипата и секој член поединечно за учество во натпреварот, т.е. дали патролата ги исполнува предусловите од овие пропозиции

Н.К. им ги предава задачите на патролата и запишува стартно време на патролата. На повик на патролата Н.К. ја оценува точноста на пронајдените К.Т. на карта и ја пушта патролата на патека. Сите неточни К.Т. на карта Н.К. ги корегира и им ги упишува точните К.Т. на картата.

7. Задачи на штабоот на натпреварот се: Да ги изврши сите организациони материјални и технички подготовки за правилно одвивање на натпреварот, за потребите на Н.К.да обезбеди возило за терен, квалитетна исхрана за сите учесници на РИОН како и пренокиште за сите учесници во цврст објект во случај на изразито невреме.

8. Патролата неможе да се жали на извршеното бодување.

*ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

1. Трошоците за организација на натпреварот, промовирањето, исхраната и сместувањето на учесниците ги сноси домаќинот а во истите може да учествува и СИМ со одлука на Старешинството.

2. Трошоците за Н.К. ги сноси СИМ.

3. Патните трошоци на патролите ги сносат самите извиднички одреди кои ги испраќаат на натпреварот.

4. Н.К. е должна да во рок од 15 дена по завршувањето на РИОН достави подполн извештај до Старешинството на СИМ.

5. Составен дел на овие пропозиции е и "Толкувањето на пропозициите"

6. Право на толкување на овие пропозиции имаат: Н.К. за време на одржување на РИОН и Старешинството на СИМ пред и после натпреварот.

7. Овие пропозиции се усвоени на седница на Старешинството на СИМ одржана на ден 28.05.1994 год. а дополнети 21.04.1995 год. и се применуваат од денот на усвојувањето.

*ТОЛКУВАЊЕ НА ПРОПОЗИЦИИТЕ*

1. На РИОН учествуваат извиднички и извидници на возраст од 15 до 21 година.

Право на учество имаат членови кои полнат 15 год. во календарската година а како најстари оние кои полнат 21 год. во календарската година односно во годината во која се одржува натпреварот.

Староста на учесниците се докажува со следниве документи: лична карта, ученичка книшка или индекс за студенти и здравствена легитимација. Доколку натпреварувачот не достави лична карта тогаш за веродостојноста на староста на натпреварувачот кој поднесол некој од горенаведените документи одлужува Н.К.

2. Под потврда од лекарски преглед се подразбира подврда издадена од лекар и уредно заверена од страна регистрирана лекарска установа со што лекарот потврдува дека учесникот на натпреварот е здравствено способен за учество. Н.К. има право да побара да се изврши нов преглед на секој учесник од страна на лекарот на натпреварот или било која друга лекарска установа кои ќе ја установат здравствената способност за учество на натпреварот.

Секоја патрола треба да поседува прирачна апотека снабдена исто како и апотеката за патничко возило комплетирана најмалку со 4 први завои.

3. Секој патрола треба да поседува најмалку 4 батериски лампи кои ќе бидат исправни т.е. ќе даваат светлост.

4. Како момент на стартување се зема времето кога Н.К. го предава пликот на водачот на патролата, а како крај моментот кога водачот го предава пликот на целта на Н.К.

5. Се смета дека КТ точно е нанесена на карта доколку е вцртана во круг со дијаметар 2 мм. чиј центар е КТ одредена со задачата. Приближната точност на уцртаните КТ ја утврдуваат членовите на Н.К.

Патролата не смее подолго од 60 мин. да ги уцртува КТ на карта. По истекот на ова време или на повик на водачот на патролата, Н.К. ја оценува точноста на вцртаните КТ а невцртаните ги вцртува со молив и ја пушта патролата на патека.

6. Патролата во текот на натпреварот не смее да користи било какво превозно средство, ниту за себе , ниту за опремата што ја носи. Во спротивно патролата се дисквалификува.

7. Патеката по која се движат патролите не смее да биде подолга од 20 км. Висинската разлика помеѓу највисоката и најниската точка од патеката да не биде поголема од 500 м. Вкупниот успон и спуст не смее да биде поголем од 1800 метри. За меродавна патека се зема патеката по која Н.К. предпоставува дека екипите ќе се движат.

8. Сите КТ треба да бидат обележани со знаменца со димензии 40x40x40 см. Знаменцето треба да е во облик на коцка со страна поделена по дијагонала обоена со две бои. Знаменцето треба да се постави на висина до 2 м. и да биде видливо на растојание од 20-50 м.

9. Доколку патролата не пронајде контролор на КТ должна е да направи скица на истата во радиус од 50 м. околу КТво размер R=1:500 и со сите детали кои можат да бидат доказ дека патролата била на таа КТ. Таа скица се предава на Н.К. на бивакот или на целта. Со скицата потребно е да се достави текстуален запис за случајот до кој дошло поради грешка на Н.К, немарност на контролорот или некоја друга причина.

*"ПРЕНЕСУВАЊЕ ПОРАКА"*

Пораката треба да биде составена од 40-80 знака со одредена смисла. Патролата има 60 секунди време за да ја меморира пораката при влезот на "движењето под азимут во природа". На излезот контролорот ја запишува пораката онака како што ќе му ја соопшти водачот на патролата. По запишувањето патролата може во рок од 30 секунди да изврши корекција на записот на пораката доколку смета дека контролорот ја запишал неточно. Доколку патролата не помине ниту една зададена точка од "движењето под азимут", тогаш пораката ја предава на контролорот најмалку после 6 мин. од примањето на пораката.
Се смета дека задачата е извршена коректно доколку е пренесена со исти зборови и ист редослед, односно сите знаци се точно пренесени.

Доколку задачата е коректно завршена екипата добива 40 бодови, во спротивен случај за истата не се добиваат бодови.

*"КРОКИ"*

Кроки е детален и прецизен план на помал дел од земјиштето (во дијаметар од 60 до 300 метри зависно од прегледноста на теренот) изработен во размер од 1:300 до 1:1000 со употреба на топогравски помагала (Бусола,тријаголници, аглометри, мерни ленти или баждарени јажиња, моливи, фломастери во боја и слично). Се работи со најмалку 2 (две) стојни точки, зависно од потребата, за да може да се нацрта конкретното земјиште. Сите објекти на теренот треба да се прецизно ориентирани и вцртани во даден размер. Секој објект се вцртува без да се назначат неговите габарити и неговата оддалеченост од С.Т. затоа што кроки е детален цртеж

и од него може многу лесно да се измери било која големина. Сите објекти на цртежот се вцртани со топогравски знаци или сопствени ознаки и текстуално објаснети во легендата која може да биде и на опачината на листот. На опачината од листот уште треба да се даде текстуален опис на К.Т. За изработениот Кроки на К.Т. патролата може да добие до 150 бодови.

- За правилна орјентираност на објектите до 15 бода.
- За точна размерност на објектите до 15 бода.
- За правилен избор на стојни точки до 10 бода.
- За објекти, водени токови, комуникации, површини до 5 0 бода.
- За конфигурација на тернот до 20 бода.
- За избор на топогравски и сопствени знаци во легендата како и текстуалниот опис до 20 бода
- Естетика, графичка обработка и уредност до 20 бода

Без впишан размер и во случај на непридржување на зададениот размер цртежот може да добие до 10 бода. Доколку Северот не е впишан се подразбира дека е вертикално нагоре како на топогравска карта. Доколку не е назначен падот на теренот и ЕКВ при описот на конфигурацијата на теренот за конкретната точка за бодување цртежот не добива бодови.

*"ДВИЖЕЊЕ ПОД АЗИМУТ ВО ПРИРОДА"*

Патролата се движи во колона еден позади друг во простор во природата и притоа открива пет зададени точки од Н.К. Водачот на патролата уочува точка на теренот додека контролорот дава дозвола дали патролата има право да го продолжи движењето. Се смета дека патролата смее да го продолжи движењето понатаму доколку уочената точка се наоѓа на оддалеченост не повеќе од 5% од растојанието од претходната точка. Патролата го прекинува движењето доколку уочената точка не е во границата на толеранција и добива бодови само за оние точки кои се откриени пред тоа. Секоја откриена точка носи 20 бодови.Патролата ја извршува оваа задача во полн состав.

*"ЦРТЕЖ НА ДВИЖЕЊЕ ПОД АЗИМУТ ВО ПРИРОДА"*

Цртежот претставува искршена праволиниска патека на движење на патролата во природа помеѓу пет зададени К.Т. Тој се изготвува во даден размер. Секоја К.Т. се означува со бајрак и реден број. На цртежот се внесуваат растојанијата и азимутите помеѓу секоја К.Т. и се означува насоката на движење на патролата. Цртежот се изработува во една боја и доколку нема впишано размер тој не се оценува. Доколку Северот не е впишан се подразбира дека е вертикално нагоре како на топогравска карта. Патролата може да добие за цртежот до 50 бодови.

- За точност на растојанија до 20 бода
- За точност на агли на свртување до 20 бода
- За графичка обработка и уредност до 10 бода

*"СКИЦА НА ТЕРЕН"*

Скицата на терен се црта во зададен размер и зададен радиус. Таа претставува едноставен и прегледен цртеж на теренот изработен во приближна размерност и ориентираност на објектите на теренот, со назначување на Северот

и со назначување на топографските елементи (големини, правци, далечини) и со употреба на бусола. Објектите вцртани треба да бидат впишани со точно измерените азимути и растојанија во однос на соодветната С.Т. Скицата немора да ги претстави сите детали од теренот, напротив, таа со вцртување на најмаркантните објекти дава доволна претстава за дадениот терен.

Материјалот се изготвува со избор на една С.Т. (препорачливо е тоа да биде
К.Т. доколку е можно) од која може да се добие најпогодна прегледност на теренот. Цртежот се изготвува во радиус до 500 метри (зависно од видливоста на теренот) и во размер 1:500 до 1:2500. За скица на теренот патролата може да добие до 100 бодови и тоа:

- За приближна точност и придржување кон зададен размер до 10 бода.
- За правилна ориентираност на објекти, комуникации, водени токови и површини до 10 бода.
- За точно внесени објекти, комуникации, водени токови и површини до 40 бода.
- За правилно претставена конфигурација на терен до 20 бода.
- За естетика, уредност, графичка обработка, легенда до 20 бода.

Без впишан размер или доколку не се придржува до зададениот размер цртежот може да биде бодуван најмногу со 10 бодови. Доколку Северот не е впишан се подразбира дека е вертикално нагоре како на топогравска карта. Доколку не е назначен падот на теренот и ЕКВ при описот на конфигурацијата на теренот за конкретната точка за бодување цртежот не добива бодови.

*"СКИЦА НА ДЕЛ ОД ПАТЕКА"*

Скица на дел од патека се црта помеѓу три К.Т. зададени со задача во даден размер кој може да биде од 1:10.000 до 1:25.000. Патеката која се црта не треба да биде подолга од 10 километри. Скицата на патека ги содржи најкарактеристичните објекти, комуникации, површини, водени токови видливи од траекторијата на движење на патролата до 100 метри од двете страни. На цртежот треба да се назначат некои познати висини, имиња на одделни објекти, токови или комуникации, да се наведе насоката на движење на екипата како и насоките на одделни токови и патни правци.

За скица на патека патролата може да добие до 200 бодови и тоа:

- За приближна точност на растојанијата и агли меѓу К.Т. до 20 бода.
- За придржување на размерот и точна ориентираност на објектите, водените токови, површините и комуникациите до 20 бода.
- За точно вцртани објекти, водени токови, површини и комуникации до 70 бода.
- За правилно претставување на конфигурацијата на теренот до 40 бода.
- За избот на топграфски знаци, сопствени знаци, легенда до 20 бода.
- За естетика, уредност, графичка обработка до 30 бода.

Без впишан размер или за непридржување на зададениот размер цртежот се бодува со најмногу 10 бода. Доколку Северот не е впишан се подразбира дека е вертикално нагоре како на топогравска карта. За невцртани висини, неназначена ЕКВ на цртежот за соодветната точка конфигурација на теренот не се добиваат бодови.

*"ПРОФИЛ НА ТЕРЕНОТ"*

Профил на теренот е цртеж на пресекот на терен по замислена линија која би поврзувала две дадени точки со задача. Цртежот се изготвува во зададен висински и должински размер. Тој се работи така што се одредуваат точките на пресекот со сите изохипси кои ги сече и допира замислената линија. На крајот сите точки се поврзуваат редоследно со прави непрекинати линии или со крива повлечена со слободна рака. На цртежот се вцртуваат пресеци со објекти, комуникации,водени токови и тоа на псебна хоризонтална линија каде се внесуваат топографски знаци и
посебни знаци чие толкување се дава во посебна легенда.

За цртежот може да се добие до 100 бода и тоа:

- 80 бода за точност и
- 20 бода за графичка обработка, уредност и естетика.

При оценувањето се врши споредување на цртежот на профилот на терен со еталонот на Н.К. кој е меродавен. Патролата не добива бодови доколку повеќе од 50% од цртежот не е точно нацртан или во случај на непридржување на зададените размери. Доколку нема впишано на цртежот размери тогаш цртежот може да се бодува со најмногу 10 бода.

*"ИЗВЕШТАЈ НА ДЕЛ ОД ПОМИНАТА ПАТЕКА"*

Извештајот на извршените извидувања и набљудувања на дел од поминатиот пат има за цел да и помогне во брзо движење по истата патека на некоја друга патрола. Овој материјал препорачливо е да се изготвува на делот каде што се црта скица на дел од патека. Затоа од основна важност е описот на самата патека и објектите покрај неа, како и податоците за питка вода, храна, засолништа од невреме. Од посебно значење се описите на површините на кои се наидува како и описите на К.Т.

Во извештајот треба посебен акцент да се посвети на описот на поставените задачи пред патролата како и описот на начинот на реализација на истите. Во извештајот можат да се внесат и останатите податоци значајни при оценувањето како што се темпото на движење на патролата, временските услови, некој објективни тешкотии за време на движењето на патролата како и описи за можните искористувања на одделни површини.

Патролата може да биде бодувана најмногу со 150 бода за извештајот на дел од поминатата патека и тоа за:

- Податоци на објектите за тој дел од патеката, пошуменоста, рељефот, водени токови, површини до 50 бода.
- Податоци за засолништа од дождови или невреме како и пребивалишта и ноќевалишта до 20 бода.
- Податоци за питка вода и исхрана до 20 бода.
- Податоци за описи на К.Т, како и за опис на правци на движење, темто и временски услови до 20 бода.
- Податоци за извршени задачи до 20 бода.
- Уредност (читкост, ракопис, средeност на текст, членство на патрола) до 20 бода

*"БИВАК И ПОДГОТВУВАЊЕ ОБРОК"*

Бивакот се изработува од шаторски крила и прирачен материјал кој

*"ПРОФИЛ НА ТЕРЕНОТ"*

Профил на теренот е цртеж на пресекот на терен по замислена линија која би поврзувала две дадени точки со задача. Цртежот се изготвува во зададен висински и должински размер. Тој се работи така што се одредуваат точките на пресекот со сите изохипси кои ги сече и допира замислената линија. На крајот сите точки се поврзуваат редоследно со прави непрекинати линии или со крива повлечена со слободна рака. На цртежот се вцртуваат пресеци со објекти, комуникации,водени токови и тоа на псебна хоризонтална линија каде се внесуваат топографски знаци и
посебни знаци чие толкување се дава во посебна легенда.

За цртежот може да се добие до 100 бода и тоа:

- 80 бода за точност и
- 20 бода за графичка обработка, уредност и естетика.

При оценувањето се врши споредување на цртежот на профилот на терен со еталонот на Н.К. кој е меродавен. Патролата не добива бодови доколку повеќе од 50% од цртежот не е точно нацртан или во случај на непридржување на зададените размери. Доколку нема впишано на цртежот размери тогаш цртежот може да се бодува со најмногу 10 бода.

*"ИЗВЕШТАЈ НА ДЕЛ ОД ПОМИНАТА ПАТЕКА"*

Извештајот на извршените извидувања и набљудувања на дел од поминатиот пат има за цел да и помогне во брзо движење по истата патека на некоја друга патрола. Овој материјал препорачливо е да се изготвува на делот каде што се црта скица на дел од патека. Затоа од основна важност е описот на самата патека и објектите покрај неа, како и податоците за питка вода, храна, засолништа од невреме. Од посебно значење се описите на површините на кои се наидува како и описите на К.Т.

Во извештајот треба посебен акцент да се посвети на описот на поставените задачи пред патролата како и описот на начинот на реализација на истите. Во извештајот можат да се внесат и останатите податоци значајни при оценувањето како што се темпото на движење на патролата, временските услови, некој објективни тешкотии за време на движењето на патролата како и описи за можните искористувања на одделни површини.

Патролата може да биде бодувана најмногу со 150 бода за извештајот на дел од поминатата патека и тоа за:

- Податоци на објектите за тој дел од патеката, пошуменоста, рељефот, водени токови, површини до 50 бода.
- Податоци за засолништа од дождови или невреме како и пребивалишта и ноќевалишта до 20 бода.
- Податоци за питка вода и исхрана до 20 бода.
- Податоци за описи на К.Т, како и за опис на правци на движење, темто и временски услови до 20 бода.
- Податоци за извршени задачи до 20 бода.
- Уредност (читкост, ракопис, среденост на текст, членство на патрола) до 20 бода

*"БИВАК И ПОДГОТВУВАЊЕ ОБРОК"*

Бивакот се изработува од шаторски крила и прирачен материјал кој

машински не е обработуван. Него го сочинува објект за ноќевање на патролата кој може да биде колиба или шатор од шаторски крила. Внатрешното уредување на објектот подразбира изработка на кревет за целата патрола или легло за сите членови на патролата како и изработка на патенти. За извршување на оваа задача патролите имаат време од 200 мин.

Н.К. го одредува местото каде што патролите го подигаат бивакот. На бивакот екипите подготвуваат оброк од намирници кои ги доделува Н.К. на почетокот од изготвувањето на бивакот. За изготвување на бивакот во зададеното време екипата може да добие до 190 бодови и тоа за:

- Избор на локација за објектот за ноќевање до 20 бода.
- Правилно подигање на објектот за ноќевање до 50 бода.
- Огниште до 30 бода.
- Внатрешно уредување до 60 бода
- Уредување на околината со патенти до 30 бода.

За подготвување на оброкот се добива до 60 бода и тоа:

- За квалитетна подготовка на храната до 40 бода.
- За хигијена на оброкот и околина на бивакот до 20 бода.

При изготвувањето на бивакот и подготовката на оброкот сите пропратни ефекти не се бодуваат.

*"СИГНАЛИЗАЦИЈА"*

Времето на испраќање на порака со "Морзеова азбука" е ограниченона 2,5 минути, а за "Семафор" е ограничено на 1 минута.

Патролата која во даденото време точно ќе ја пренесе пораката добива 90 бодови. Доколку во тоа време не ја пренесе пораката не добива бодови. По два члена од патролата се поставуваат на оддалеченост минимум од 80 м. максимум од 150 м. и се мери времето кај онаа двојка натпреварувачи кои ја примаат пораката. Времето за извршување на задачата почнува со добивање на пораката во рака на натпреварувачот што чита, а задачата е извршена кога натпреварувачот што ја примил пораката ќе ја врачи на контролорот кој стои непосредно до него.

Пренесувањето на пораката со Морзеова азбука се врши исклучиво со една батерија.

За секој неточно пренесен знак на патролата и се одземаат 3 бода, а доколку има погрешно пренесено 8 или повеќе знаци тогаш патролата не добива бодови. Под погршно пренесен знак се подразбира: вметнат знак, знак која е пропуштена или неточно пренесен знак.

"ТЕСТ" - за извидништво и општа култура.

Тестот се состои од 12 прашања зададени во писмена форма.

Времето на решавање на тестот е 30 мин. По истекот на времето контролорот или Н.К. го одзема тестот од патролата и го оценува она што е изработено во зададениот рок. Решавањето на тестот е колективна задача.

*"ВРЗУВАЊЕ И ОДВРЗУВАЊЕ ЈАЗЛИ"*

Патролата е построена на стартнате линија каде секој натпреварувач извлекува кој чвор (мртов, амбулантен,лисица,скратувалка) ќе треба да го заврзе и одврзе на одредената локација.

Нидна локација не смее да биде оддалечена повеќе од 10 метри од стартната линија. За правилно врзување и одврзување на зададените јазли секој член освојува по 5 бода. Максимално патролата може да освои 20 бодови за правилно врзаните и одврзаните јазли. Вкупно освоените бодови потоа се множат со:

4 доколку вкупното време за извршување на задачата е до 30 сек.
3 доколку вкупното време за извршување на задачата е од 31 до 40 сек.
2 доколку вкупното време за извршување на задачата е од 41 до 50 сек.
1 доколку вкупното време за извршување на задачата е од 51 до 60 сек.
0 доколку вкупното време за извршување на задачата е 61 сек. и повеќе.